ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина

**Бр. 11-254/4 од 29.08.2024 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл.в на РМ бр:53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), Општина Гевгелија на ден 29.08.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV далекувод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4kV; 800(1250)kV на КП 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 КО Моин, општина Гевгелија согласно Законот за урбанистичко планирање со тех.бр. 0701-797 од август 2024 год. изработен од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги ,,КВАДАР,, доо Скопје, не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гевгелија на следната веб адреса: www.gevgelija.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV далекувод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4kV; 800(1250)kV на КП 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 КО Моин, општина Гевгелија, согласно Законот за урбанистичко планирање нема да има влијание врз животната средина.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV далекувод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4kV; 800(1250)kV на КП 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 КО Моин, општина Гевгелија |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за проектирање, инженеринг, проемт и услуги ,,КВАДАР,, доо Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Гевгелија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Биљана Петрова, диа бр. овл. 0.0435 |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 075/408-060 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV далекувод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4kV; 800(1250)kV на КП 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 КО Моин, општина Гевгелија се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/93) и член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) во однос на содржината. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Предметниот плански опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – енергетика. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да √<br>Не | Член: 65 | Точка: 2 | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Предметниот проектен опфат се наоѓа во Општина Гевгелија, во близина на с. Моин. Должината на новопланираната траса е cca 970 m’, а п овршината на опфатот изнесува 12.057,62m².<br>Проектниот опфат зафаќа делови од катастарските парцели со број: 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129, КО Моин, Општина Гевгелија.<br>Земјиштето е со катастарска култура ниви, пасишта, градежно неизградено земјиште, камењари, градежно изградено земјиште итн. во државна и приватна сопственост. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Крајна цел на овој урбанистички проект е изградба на нов вод за приклучок на електроенергетскиот систем на новопредвидена компактно - бетонска трафостаница КБТС 10(20)/0,4 kV предвидена за напојување на монтажно - демонтажни оранжерии. | | | |

| |
|---|
| Потребно е да се предвиди траса за подземен кабел од околу 410m' и воздушен вод од околу 550 m со површини за градење на 8 бетонски столбови и една КБТС 10(20)/0.4 kV, 800 kVA, се' во согласност со важечките технички прописи од соодветната област.<br>Класа на намена на градбите е: **Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија.** |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| / |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат со површина од 12.057,62m² е лоциран во КО Моин, општина Гевгелија. Дел од проектниот опфат е во границите на планскиот опфат на УПС Моин, општина Гевгелија. За останатиот дел од опфатот главна основа за планирање претставуваат Условите за планирање кои произлегуваат од ППРСМ.<br>Должината на новопланираната траса е cca 970 m'.<br>Почетна точка на воздушниот вод е постоечки столб бетонски столб лоциран на КП бр.732, КО Моин, општина Гевгелија.<br>Крајна точка е новопланирана КБТС 10(20)/0.4 kV, 800 kVA предвидена на КП бр.642, КО Моин, општина Гевгелија.<br>Проектниот опфат зафаќа делови од катастарските парцели со број 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 во КО Моин, општина Гевгелија. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од несоодветно управување со отпадот, природни катастрофи или човечко невнимание. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. вкупниот број на жители во општината Гевгелија на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 21.582 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Со планскиот документ се предвидува изградба на инфраструктурен вод за приклучок на стопански комплекс на електрична мрежа, како таков нема посебни економски и социјални влијанија. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV далекувод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4kV; 800(1250)kV на КП 738, 732, 728, 729, 726/1, 726/2, 725, 724, 723, 707, 705, 704, 703, 694, 693, 692, 654, 651, 650, 642, 633, 631, 1138, 1130 и 1129 КО Моин, општина Гевгелија нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. |

<table>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Во границите на планскиот опфат земјиштето е со катастарска култура ниви, пасишта, градежно неизградено земјиште, камењари, градежно изградено земјиште итн. во државна и приватна сопственост.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со планскиот документ се предвидува изградба на индустирски инфраструктурни објекти за кои не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(EIA)-оцена на влијанието врз животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански</td></tr>
</table>

**документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- ЛЕАП за општина Гевгелија;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхододно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од обласата на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Андон Сарамандов |
| Бр. 11-254/4<br>Датум: 29.08.2024 година<br>Место: Гевгелија | |

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено:

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

Арх.бр./Nr. Arkivi УП1-15-1749/2024
Дата/Data: 04 -11- 2024

ДО: Општина Гевгелија
Ул. Димитар Влахов бр. 4
1480 Гевгелија
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 11-254/5 од 10.09.2024 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1749/2024 од 12.09.2024 година поврзано со постапката за носење на планската документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) KV далековод, приклучен вод и нова КБТС 10(20)/0,4KV 800(1250)KV на КП бр. 738, КП бр. 732, КП бр. 728, КП бр. 729, КП бр. 726/1, КП бр. 726/2, КП бр. 725, КП бр. 724, КП бр. 723, КП бр. 707, КП бр. 705, КП бр. 704, КП бр. 703, КП бр. 694, КП бр. 693, КП бр. 692, КП бр. 654, КП бр. 651, КП бр. 650, КП бр. 642, КП бр. 633, КП бр. 631, КП бр. 1138, КП бр. 1130 и КП бр. 1129, КО Моин, - Општина Гевгелија, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22)

DREJTUAR: Komunës së Gevgjelisë
Rr. Dimitar Vlahov nr. 4
1480 Gevgjeli
Republika e Maqedonisë së Veriut

LËNDA: Njoftim
LIDHJA: Numri juaj 11-254/5 nga 10.09.2024

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj për mendim dërguar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor – Sektori për Planifikim Hapësinor me numër UP1-15-1749/2024 nga 12.09.2024, lidhur me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Projektin Urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik për ndërtimin e një linje të re elektrike 10(20) KV, ujëprurësin lidhës dhe një KBT 10(20)/0,4KV 800(1250)KV në PK nr. 738, PK nr. 732, PK nr. 728, PK nr. 729, PK nr. 726/1, PK nr. 726/2, PK nr. 725, PK nr. 724, PK nr. 723, PK nr. 707, PK nr. 705, PK nr. 704, PK nr. 703, PK nr. 694, PK nr. 693, PK nr. 692, PK nr. 654, PK nr. 651, PK nr. 650, PK nr. 642, PK nr. 633, PK nr. 631, PK nr. 1138, PK nr. 1130 dhe KP nr. 1129, KK Moin, - Komuna e Gevgjelisë, ju njoftojmë se, sipas Ligjit për Mjedisin Jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22)

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Вашата Одлука за Неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина бр. 11-254/4 од 29.08.2024 год. и формуларот бр. 11-254/4 од 29.08.2024 год., Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа**.
Одлуката заедно со формуларот задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimin tuaj për mosrealizimin e Vlerësimit Strategjik për ndikimin në mjedisin jetësor nr. 11-254/4 nga 29.08.2024 dhe formularin nr. 11-254/4 nga 29.08.2024, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor i **pranon**.
Vendimi së bashku me formularin duhet të publikohen patjetër në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Бајрам Цамиќ, советник/ këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска,
Помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamed Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama
Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror